Врз основа на член 16 од Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот (Сл.весник на РМ бр.50/05) , Советот на општина Виница на седницата одржана на ден 11.09 2008 година донесе

# ОДЛУКА
## за критериуми за утврдување на зони во општина Виница за одредување на пазарна вредност на недвижниот имот

**член 1**

На територијата на општина Виница се утврдени следните зони:

**Индустриска зона**

Во Индустриска зона спаѓаат објектите и земјиштето и тоа:

Источно од ул."Партизанска",северно од ул. "Крушевска Република" и јужно од булевар "Маршал Тито",источно од патот Виница-Берово до опфатот на Генералниот урбанистички план.

Во индустриска зона спаѓа лево и десно од патот Виница-Јакимово.

Во индустриска зона спаѓа јужно од место викано Дива топола,до нова населба Градец покрај патот.

Во индустриска зона спаѓа северно од бензинска пумпа Макпетрол,лево и десно од патот Кочани-Виница до опфатот на Генералниот урбанистички план.

Цената на земјиштето во индустриските зони се движи : 15-20

-недвижноста опфатена во ГУП а се наоѓа веднаш до патот од 12-15 евра по метар квадратен во зависност од близината на градот,

-недвижноста опфатена во ГУП а е оддалечена од патот од 5-8 евра по метар квадратен во зависност од близината на градот и близината на патот,

недвижноста опфатена во ГУП од градот до нова населба Градец цената е 10 евра покрај патот,

-недвижноста која не е опфатена во ГУП и тоа: на исток до Скараница, северо-западно до Превалец, лево до граница на КО Виница и десно спрема Истибања до спојот на стар и нов пат цената е од 5-8 евра по метар квадратен во зависност од близината на градот и патот.

-недвижноста јужно од патот Виница-Лески, во должина од 500 метри од завршетокот на градот, цената е од 5-8 евра по метар квадратен во зависност од близината на патот .

**Викенд зона**

Недвижноста која се наоѓа од спојот на стар пат Блатец и пат Виница-Берово до место викано Обозна ,цената е од 5-8 евра по метар квадратен во зависност од близината на патот.

За индивидуалните станбени згради (куќи),становите,административните згради и простории,деловните згради,деловни простории и дуќани , гаражи, дворно место и неизградено градежно земјиште, зоните се :

**Прва зона**

Од север,ул."Браќа Миладинови" до спојот со ул."Маршал Тито" и ул."Моша Пијаде".

Од исток,ул."Моша Пијаде" до ул."Љупчо Сантов" и течението на Виничка река до ул."11-ти Октомври".

Од југ ул."11-ти Октомври" и ул."Н.Н.Борче" до ул."Ванчо Прќе".

Од запад ул."Ванчо Прќе" и ул."Илинденска" (лесковски пат) и течението на Градечка река од двете страни до стовариштето на ЈТД "Комерц" односно бензинска пумпа и ул. "Илинденска" до спојот со ул."Браќа Миладинови".

**Втора зона**

Од исток,источно од ул."Моша Пијаде" до ул."Индустриска" и источно од ул."Ангел Винички" до ул."Јане Сандански" до Горна чешма.

Од запад,западно од ул."Гоце Делчев" и ул."Ванчо Прќе"до локалитетот "Кале".

Од север,северно од ул."Браќа Миладинови" и Бул."Маршал Тито"и

Од југ,јужно од ул."Н.Н.Борче"до ул."Гоце Делчев" до Горна чешма.

**Трета зона**

Од исток,источно од ул."Индустриска"

Од југ,јужно од ул."Гоце Делчев".

Објектите кои се наоѓаат во Индустриската зона.

**член 2**

Прва, втора и трета зона на територијата на општина Виница одговараат на тринаесетта,четиринаесетта и шеснаесетта зона од член 16 во Методологијата за утврдување на пазарната вредност на недвижниот имот.

**член 3**

Полски населени места на територијата на општина Виница се: Јакимово, Истибања, Блатец, Лески и Нова населба Градец. Останатите спаѓаат во планински населени места.

**член 4**

Одлуката за критериуми за утврдување на зони во општина Виница , влегува во сила со денот на донесувањето , а ќе се објави во Сл.гласник на општина Виница.

Бр.07-998
11.09 2008 год.
Виница

СОВЕТ НА ОПШТИНА ВИНИЦА
Претседател,
Давор Илиев